КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 1457
27. 12. 2018 год.
СКОПЈЕ

MACEDONIAN NATIONAL ASSOCIATION FOR FRANCHISE

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

**Македонска Национална Асоцијација за Франшиза**

**Преамбула:**

Имајќи ја во предвид статусната определба на Комората на овластени архитекти и овластени инжинери на Република Македонија за воспоставување на соработка со професионални организации и здруженија, овозможување на континуиран професионален развој на своите членови и развивање на професионалната етика; како и статусната определба на Македонската Национална Асоцијација за Франшиза за промоција на франшизата во Р. Македонија, вмрежување со домашни и меѓународни организации и едукација на сите заинтересирани правни и физички лица за франшизата како поим и како средство за бизнис дејствување, а со цел развој и соработка во делот на инженерството и развој на франшизата во оваа индустрија, а во согласност со заедничките интереси на двете институции, Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора) и Македонската Национална Асоцијација за Франшиза (во понатамошниот текст: Асоцијација) во Скопје го потпишуваат следниот:

## МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на заедничкото делување и реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и Асоцијацијата, од аспект на имплементација и развој на франшизата како бизнис модел во инжинерството;

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората и Асоцијацијата во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на воведување на

иновативно методи во инженерството и франшизата во Република Македонија.

- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, проекти од областа на инжинерството, како и заштита на интересите на овластените архитекти и овластените инженери при воведување на франшиза во професионално делување.

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со инженерството и франшизата.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

**Скопје, __.__.2018 година**

| | |
|---|---|
| **потпис и м.п.** | **потпис и м.п.** |
| ______________________ | ______________________ |
| **Проф.д-р Миле Димитровски** | **Проф.д-р Вера Бошковска** |
| **Претседател** | **Претседател** |
| Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија | Македонска Национална Асоцијација за франшиза |